АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2013 ГОДИНА

Скопје, 2014

# СОДРЖИНА

1. ОСНОВАЊЕ И МИСИЈА 3

2. ФИНАНСИРАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ 4

3. АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2012 ГОДИНА 4

3.1. РЕГУЛАТИВА 4
3.2. СУПЕРВИЗИЈА 6
3.3. ЛИЦЕНЦИРАЊЕ 7

4. СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ И СО МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ 9

5. ЕДУКАЦИЈА И ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ 10

6. ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ 12

7. ПРОЕКТИ 13

# 1. ОСНОВАЊЕ И МИСИЈА

Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија (во понатамошниот текст „АСО“) е самостојно и независно регулаторно тело кое врши јавни овластувања утврдени со Законот за супервизија на осигурувањето и Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

Законските надлежности на АСО се однесуваат на:

- Спроведување на супервизија над друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурувањето, осигурителните брокери и застапниците во осигурување, правните лица кои се поврзани со друштвата за осигурување и Националното биро за осигурување;
- Донесување подзаконски акти;
- Одлучување за издавање или одземање дозволи, давање или повлекување согласности, отстранување на незаконитости од спроведени супервизии и други поединечни прашања; како и
- Изрекување мерки спрема друштва за осигурување, осигурително брокерски друштва, друштва за застапување во осигурување и други правни и физички лица врз кои АСО има надлежност да спроведува супервизија.

Во рамки на своите овластувања и надлежности, како и преку членство во меѓународни асоцијации од областа на осигурувањето и соработка со други надзорни органи, АСО има за цел да придонесе за зајакнување и поттикнување на развојот на осигурителниот пазар во земјава, создавајќи на тој начин адекватна заштита на правата и интересите на осигурениците и другите корисници на осигурувањето.

Улогата на АСО на пазарот на осигурувањето е насочена кон зајакнување на солвентната позиција на друштвата за осигурување, подобрување на начинот на финансиското известување на овие субјекти, унапредување на корпоративното работење и на процесите на работа во овие субјекти. АСО влијае врз зајакнување на нивото на финансиска контрола и поголемата финансиска стабилност на земјата, создавајќи на тој начин адекватна заштита на правата и интересите на осигурениците и корисниците на осигурување.

АСО за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија. Собранието го усвојува финансискиот план на АСО, како и годишната сметка која мора да биде ревидирана од страна на независен овластен ревизор.

Орган на управување на АСО е Советот на експерти, составен од претседател на Советот и 4 члена. Претседателот и четирите членови на Советот на експерти на АСО ги именува и ги разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија. Во 2013 година Советот на експерти на АСО беше составен од:

- д-р Климе Попоски, претседател,
- Зоран Стојановски, извршен член,
- Лулзим Имери, извршен член,
- Илија Граорковски, неизвршен член, и
- м-р Александар Петрески, неизвршен член.

Во текот на 2013 година АСО активно работеше за реализација на законски утврдените функции, како од аспект на унапредување на регулативата на пазарот на осигурување така и од аспект на супервизијата на сите учесници во работењето на пазарот на осигурување во Република Македонија.

Советот на експерти работи на седници и донесува одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број членови. Во текот на 2013 година Советот на експерти на АСО одржа 28 седници.

## 2. ФИНАНСИРАЊЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Согласно Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 147/09, 149/09, 154/09, 20/12, 130/13), работењето на АСО се финансира со надоместоци што ги наплатува од друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување во осигурувањето и другите лица врз кои АСО спроведува супервизија.

Советот на експерти на седницата одржана на 26 декември 2013 година го донесе финансискиот план на АСО за 2014 година и истиот го достави до Собранието на Република Македонија заради усвојување.

## 3. АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2013 ГОДИНА

Во согласност со приоритетите поставени за 2013 година, АСО донесе подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за супервизија на осигурување, супервизорски мерки, одлуки од доменот на лиценцирањето, организираше циклус на едукација и испити за осигурителни застапници, брокери и актуари, како и бројни акти со цел поддршка на работата и зајакнување на внатрешните капацитети на АСО.

### 3.1. Регулатива

Во текот на 2013 година се донесени 5 нови подзаконски акти и 2 акта кои уредуваат измени и дополнувања на претходно донесени подзаконски акти со кои се придонесе за подетално регулирање на дел од законската материја во повеќе области.

**Од областа на лиценцирањето** на 29.3.2013 година е донесен Правилникот за потребната документација и начинот за стекнување квалификувано учество во друштво за осигурување, осигурително брокерско друштво и друштво за застапување во осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/13). Со овој правилник се пропишува потребната документација, како и начинот за стекнување квалификувано учество во друштво за осигурување, осигурително брокерско друштво и друштво за застапување во осигурување.

**Од областа на сметководството, финансиите и ревизијата** на 26.12.2013 година е донесен Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на финансиските извештаи и детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување и/или реосигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.187/13). Овој правилник е донесен со цел усогласување со позицијата Нето-трошоци за спроведување на осигурување од Извештајот за сеопфатна добивка (БУ) кој се доставува во АСО со Билансот на успех (Извештај за сеопфатна добивка) кој се доставува до Централниот регистар на Република Македонија, по препорака на Владата на Република Македонија во рамки на проектот Учиме од бизнис заедницата.

**Од областа на супервизијата и статистиката** се донесени 4 нови подзаконски акти и 1 акт кој уредува измени и дополнувања на претходно донесен подзаконски акт.

На 19.12.2013 година е донесен Правилник за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр.187/13) во кој покрај употребата на квантитативните актуарски методи е нагласена како неопходноста од квалитативна актуарска анализа, така и неопходноста целокупните актуарски постапки да бидат соодветно документирани со цел да се овозможи трети лица да расудуваат за соодветноста на препораките, последиците и примената од направените актуарски процени. Со овој правилник се стави вон сила важечкиот Правилник за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/2010, 169/2010 и 41/2011), со оглед на тоа што меѓународната актуарска пракса, како и искуството стекнато од спроведените супервизии за процената на техничките резерви во друштвата за осигурување, упатија на потреба од изменување на принципите врз основа на кои е заснована супервизијата на техничките резерви.

На 26.12.2013 година е донесен Правилник за соодветноста на реосигурителното покритие, методот за пресметка на износот на максимално покритие на друштвото за осигурување во табелата за максимално покритие и методот за пресметување на максимална можна штета („Службен весник на Република Македонија“ бр.189/13) со цел да се воведат построги критериуми кои треба да ги задоволуваат друштвата за осигурување во однос на програмата за реосигурување, како и во однос на известувањето до АСО.

На 26.12.2013 година е донесен Правилник за основните постапки, правила и начинот на вршење супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.09/14). Со овој правилник се пропишуваат основните постапки, правила и начинот на спроведување супервизија на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување во осигурување и Националното биро за осигурување, и подетално се уредуваат надлежностите на лицата овластени од страна на АСО за спроведување на супервизијата.

Во 30.12.2013 година е донесен Правилник за изменување и дополнување на правилникот за статистичките осигурителни стандарди на друштвата за осигурување и/или реосигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.189/13) со цел воведување дополнителни параметри неопходни за следење на работата на друштвото за осигурување, како и од потребата за соодветно ажурирање на класите и поткласите на осигурување од постојните статистички осигурителни обрасци со цел усогласување со Законот за доброволно здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 07/13).

**Од областа на информационата технологија** на 19.12.2013 година е донесен Правилникот за минималните стандарди на информациските системи на друштвата за осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.187/13). Со овој правилник се пропишуваат минималните стандарди кои треба да бидат запазени во работењето на информациските системи на друштвата за осигурување. Пропишаните минимални стандарди се однесуваат на управувањето, безбедноста и работењето на информациските системи на друштвата, како и обезбедување на континуитет на работа во случај на некој катастрофален настан.

## 3.2. Супервизија

АСО спроведува супервизија на друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурување и Националното биро за осигурување, во согласност со Законот за супервизија на осигурување, Законот за задолжително осигурување во сообраќајот и останатите релевантни прописи. Исто така, АСО има надлежност да спроведува супервизија на физичките лица кои вршат осигурителни брокерски работи и работи на застапување во осигурување.

АСО ја спроведува супервизијата преку: перманентна вонтеренска супервизија на работењето на друштвата за осигурување и другите осигурителни субјекти преку прибирање, анализирање и верифицирање на доставените извештаи и информации, како и преку теренска (целосна или делумна) супервизија на работењето на осигурителните субјекти.

Во делот на супервизијата, согласно усвоениот годишен План за супервизија, АСО спроведува теренска супервизија на работењето на друштвата за осигурување, осигурително брокерските

друштва и друштвата за застапување. Целта на теренската супервизија е оценување на сигурноста, стабилноста, ризичноста и усогласеноста на работењето на друштвото.

Согласно Планот за супервизија за 2013 година, АСО спроведе 15 теренски супервизии, и тоа:

- 7 целосни теренски супервизии кои се однесуваа на работењето на 7 друштва за осигурување,
- 3 целосни теренски супервизии на осигурително брокерски друштва и
- 5 делумни теренски супервизии на друштва за осигурување.

Врз основа на спроведените теренски супервизии, АСО издаде 91 наредби за отстранување на незаконитостите.

Во текот на 2013 година, АСО спроведуваше редовна вонтеренска супервизија која е заснована на известувања на учесниците на пазарот на осигурување. Известувањата, покрај во хартиена форма, се доставуваат и по електронски пат преку АСО порталот кој претставува софтверска апликациска платформа имплементирана од страна на АСО, а со цел да се подобри начинот на прибирање, чување и обработка на податоци од субјектите на пазарот на осигурување. Поголем дел од податоците од друштвата за осигурување се доставуваат на квартална основа преку сет на извештаи (статистички обрасци; финансиски извештаи; извештај за вреднување на ставки од билансот на состојба; супервизорски извештаи; дополнителни финансиски извештаи и актуарски извештај), а дел на месечна основа (извештај за коефициентите на ликвидност). Исто така, и осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурување на квартална основа доставуваат статистички обрасци за структурата и обемот на работите за посредување во осигурување, а на годишна основа доставуваат финансиски извештаи.

Врз основа на спроведената вонтеренска супервизија, АСО изрече 1 наредба за отстранување на незаконитости.

Комисијата за посредување при АСО спроведе постапка за посредување за 29 прекршоци. Притоа се постигнати:

- 15 спогодби за отстранување на последици од прекршок, од кои 5 се изречени врз основа на спроведена вонтеренска супервизија, а 10 врз основа на теренски супервизии; и
- 14 спогодби за плаќање глоба и истите се изречени врз основа на спроведени теренски супервизии.

Прекршочната комисија при АСО во 2013 година не спроведе ниту една постапка за прекршоци.

## 3.3. Лиценцирање

Во доменот на лиценцирањето, АСО во 2013 година издаде:

- 6 дозволи за основање на осигурително брокерски друштва (СТМ Брокер, АМ Брокер,  МЕГА БРОКЕР, ЦВО Брокер, АСУЦ Брокер,  САФЕ ИНВЕСТ МАКЕДОНИЈА);
- 1 дозвола за основање на друштво за застапување (Мако АС);
- 5 дозволи за воведување нова класа на осигурување (КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ АД- Друштво за осигурување на живот, АД за осигурување ВИНЕР Лајф-Виена Иншуренс Груп Скопје, ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, ГРАВЕ осигурување АД Скопје, АД за осигурување ЕВРОИНС Скопје);
- 6 дозволи за овластен актуар;
- 12 согласности за вршење на функција член на орган на управување;
- 21 согласности за измена на Статут на друштво за осигурување;
- 15 согласности за друштва за ревизија на финансиските извештаи и консолидирани финансиски извештаи на друштвата за осигурување;
- 10 согласности за стекнување квалификувано учество;
- 110 лиценци за застапници во осигурувањето; и
- 72 лиценци за осигурителни брокери.

Со состојба на 31.12.2013 година вкупниот број на лиценцирани осигурителни брокери изнесува 334, а во 2013 г. се издадени 72 лиценци за осигурителни брокери. Во текот на 2013 година беше одржана 1 обука за осигурителни брокери, а вкупниот број на лица кои ја посетувале обуката е 60. Исто така, во текот на годината беа организирани 3 (три) испити на кои вкупно биле пријавени 132 лица, од кои 71 го положиле испитот.

Со состојба на 31.12.2013 година вкупниот број на лиценцирани застапници во осигурувањето изнесува 669. Во текот на 2013 година се издадени вкупно 110 лиценци за застапник во осигурувањето, а одземени се 73 лиценци. Низ процесот на едукација поминале 448 лица организирани во 3 обуки за застапници во осигурувањето. Исто така, беа организирани и 5 испити на кои 191 лица го положиле испитот.

Во 2013 година заврши третиот циклус на едукација на актуари кој траеше две години, а процесот на едукација беше започнат на 1.11.2011 година. По завршувањето на обуката и успешно полагање на испитите, 11 кандидати се здобија со Уверение за успешно положен стручен испит кое е потребно за добивање дозвола за работа како овластен актуар. Наставната програма на Обуката за актуари беше изработена во соработка со Актуарското здружение на Македонија и беше усогласена со програмата на Меѓународното актуарско здружение - International Actuarial Association (IAA) и Groupe Consultatif (Des Associations d'Actuaries des Pays de Communautes Europennes). Обуката по предметите од наставната програма ја спроведуваа лица од Здружението на актуари од Македонија, Хрватското актуарско здружение, како и признати професори од универзитетите во Македонија и Природно-математичкиот факултет од Загреб.

## 4. Соработка со домашни и со меѓународни институции

Еден од главните приоритети на АСО за 2013 година е заокружување на интензивната соработка со домашните регулаторни органи и други надлежни институции, како и со супервизорски тела и институции од странство.

Во текот на  2013 година, беше потпишан меморандум за соработка со Советот за унапредување и развој на ревизијата на Р. Македонија (СУНР), кој претставуваше основа за успешна соработка поврзана со размената и употребата на информации меѓу двете институции.

Исто така, беше потпишан меморандум за соработка помеѓу Дирекцијата за заштита на личните податоци, Агенцијата за супервизија во осигурувањето, Националното биро за осигурување, друштвата за осигурување и осигурителните брокерски друштва, со цел реализација на проектни активности за заштита на личните податоци на потрошувачите при користењето на услугите на друштвата за осигурување и осигурителните брокерски друштва, како и нивните обврски за давање на личните податоци во контекст на исклучоците од примената на Законот за заштита на личните податоци.

Во 2013 година беше склучен и меморандум за соработка помеѓу Народната банка на Република Македонија, Министерството за финансии на Република Македонија, АСО, Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување и Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија. Целта на потпишување на овој меморандум за соработка е институциите надлежни за регулирање на финансиските услуги во Македонија и потписници на меморандумот, со заедничка заложба и проектни активности, да го подигнат нивото на финансиска писменост на населението.

Во 2013 година се одржа 1 работна средба меѓу претставници на финансиските супервизорски органи во Република Македонија. Целта на овие средби е унапредување на соработката помеѓу регулаторните и супервизорските органи, во насока на одржување сигурен и стабилен финансиски систем, што претставува  актуелна меѓународна практика.

На покана на регулаторните тела на земјите членки на ЕУ, претставници на АСО учествуваа и во работата на 5 супервизорски колеџи кај регулаторните институции во 3 земји членки на ЕУ, и тоа во Австрија, Словенија и Бугарија. Супервизорските колеџи ги организираат регулаторните тела на ЕУ согласно насоките на Европскиот регулатор за осигурување (EIOPA) со цел подобар надзор на осигурителните групации кои се присутни во повеќе земји на ЕУ и земји кои се во различна фаза во пристапните процеси во ЕУ. Супервизорските колеџи претставуваат одлична можност за размена на искуства и заедничка примена на методологија.

Претставници на АСО учествуваа во работата на 20-тата годишна конференција на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (IAIS) која се одржа од 16 до 19 октомври 2013 година во

Тајпеј, Тајван. Исто така, претставник на АСО учествуваше во работата на Супервизорскиот форум на Меѓународната асоцијација на осигурителни супервизори (IAIS) – работно тело формирано во 2011 година чија цел е да ја зајакне ефикасноста на супервизијата на осигурувањето и да се поттикне изедначување на супервизорските практики.

Исто така, претставници на АСО учествуваа во редовната работата на поткомитетите кои се составен дел на Комитетот за стабилизација и асоцијација (КСА), на кои беа презентирани достигнувањата во секторот на осигурувањето во Република Македонија во делот на остварување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската Унија.

## 5. Едукација и градење на капацитетите

Во насока на ефикасно спроведување на своите законски надлежности и активности, АСО континуирано вложува во зајакнување на човечките ресурси преку воспоставување и имплементација на систем на континуирана едукација и стручно усовршување на вработените. Во рамки на активностите за развој на овие ресурси, АСО во 2013 година ги зајакна своите капацитети преку воспоставување и имплементација на систем на континуирана едукација и стручно усовршување на вработените.

Во насока на едукација и стручно усовршување на вработените од АСО, се реализираа посети на семинари, конференции и регулаторни тела за осигурување. Позначајни од нив се:

- Меѓународен осигурителен форум на тема Моторно осигурување - на патот кон профитабилноста, Истанбул, Република Турција, март 2013;
- Учество на тркалезна маса на тема Искуствата од либерализација на пазарот за автоодговорност, Љубљана, Република Словенија, април 2013;
- Регионален семинар на тема Подобрување на издржливоста на осигурителите при менување на финансискиот свет, Базел, Швајцарија, април 2013;
- Учество на меѓународен семинар на тема Неодамнешните движења во глобалната регулаторна и супервизорска архитектура, Женева, Швајцарија, април 2013;
- Учество на 14-тото годишно Советување на Здружението за право во осигурување на Србија, Аренѓеловац, Србија, април 2013;
- Учество на 5-тиот состанок на Иницијатива за супервизија на осигурувањето на Централна, Источна и Југоисточна Европа (CESEE ISI), Сараево, Босна и Херцеговина, мај 2013;
- Учество на конференција за финансиска едукација на ОЕЦД на тема Промовирање на финансиската благосостојба преку финансиска едукација и свест, Прага, Р. Чешка, мај 2013;

- Учество на 14-тата конференција ICTI 2013 - Информациска и комуникациска технологија и осигурување, Осиек, Р. Хрватска, мај 2013;
- Регионален семинар за осигурителни супервизори во Централна и Источна Европа, Централна Азија и Кавказ за заштита на потрошувачите и нивна едукација, Кишинев, Р. Молдавија, мај 2013;
- Учество на Работилница на тема Примената на меѓународните стандарди за финансиско известување од регулаторни органи на финансиските пазари, претставени од страна на три извршни членови на одборот за меѓународни сметководствени стандарди, Виена, Република Австрија, јуни 2013;
- Учество на семинар на тема Финансиски пазари и нови финансиски инструменти, Виена, Република Австрија, јуни 2013;
- Учество на петтата осигурителна меѓународна конференција во Европа на тема Стабилност и безбедност: осигурување на нашата иднина, Рим, Република Италија, јуни 2013;
- Учество на XI меѓународен симпозиум - Пазарот на осигурување и реосигурување, Врњачка бања, Србија, јуни 2013;
- Учество на SorS 2013, 24-та средба на осигурителите и реосигурителите во Сараево, Сараево, Босна и Херцеговина, јуни 2013,
- Учество на работилница за ризично базирана супервизија во осигурувањето во делот на осигурување од катастрофални ризици (Europa RE), Тирана, Република Албанија, август 2013;
- Учество на XVI меѓународна научна конференција - Осигурување и надомест на штети, Златибор, Република Србија, септември 2013;
- Учество на тркалезна маса за Осигурителни измами, нивно откривање и спречување, во организација на Center of Excellence in finance (CEF) и Агенција за супервизија на осигурување во Словенија, Љубљана, Република Словенија, септември 2013;
- Посета на меѓу секторски семинар за супервизорски колеџи во организација на EIOPA, Берлин, Сојузна Република Германија, ноември 2013;
- Учество на седница на комитетот на EIOPA, Виена, Република Австрија, декември 2013;
- Учество на вториот состанок на советодавниот одбор на Европа РЕ (EUROPA Reinsurance Faculity Ltd), Букурешт, Романија, декември 2013.

Во април 2013 година се спроведе студиска посета на тема Супервизија базирана на ризици, во седиштето на Германската федерална агенција за финансиска супервизија (BaFin), во Бон,

Германија, организирана од страна на Европската Комисија – Директоратот за проширување, во рамките на TAIEX инструментот. Студиската посета беше насочена кон подготовките за имплементирањето на директивата Солвентност 2 со фокус кон вториот столб од Директивата.

АСО воспостави соработка и започна со користење на техничка помош од Народната банка на Холандија (De Nederlandsche Bank- DNB). Во 2013 година се реализираа 3 обуки. Првата обука се однесуваше за спроведување на вонтеренска супервизија и истата беше одржана во јули 2013 година, во седиштето на DNB, во Амстердам, Холандија. На оваа обука од страна на експертите од DNB беше презентиран начинот на кој тие ја вршат вонтеренската супервизија. Потоа, во септември 2013 година во седиштето на АСО, беше спроведена обука за начинот и постапките за спроведување на супервизија базирана на ризици. Во ноември 2013 година, во седиштето на АСО, се реализираше обука која имаше за цел да се пренесе знаењето и искуството на супервизорите од Холандија за спроведување на теренска супервизија врз субјектите на осигурување. Преку соработката со DNB Холандија, супервизорите од АСО се стекнаа со знаење и искуства кои понатаму ќе им помогнат за унапредување и усовршување на начинот на вршење на супервизија врз субјектите на осигурување во Р. Македонија.

Во ноември 2013 година АСО го одбележа „Денот на осигурување" со пригодна свеченост која се одржа во х.Александар Палас, Скопје. На овој свечен настан беа поканети високи државни претставници, претставници од осигурителната индустрија и претставници од различни институции и тела со кои АСО има професионална соработка. На прославата беше доделена награда за млад истражувачки труд од областа на осигурувањето и управувањето со ризик на м-р Тања Дрвошанова-Елисковска, за трудот со наслов „Микроекономски и макроекономски детерминанти на профитабилноста на осигурителниот сектор – случајот на Македонија". Во рамки на настанот АСО додели 11 Уверенија за положен стручен испит за добивање ндозвола за работа како овластен актуар и со тоа ја промовираше третата генерација на актуари во Р. Македонија.

## 6. Заштита на потрошувачи

Основната цел и главен приоритет во делувањето на АСО е постигнување на високо ниво на заштита на потрошувачите. Во оваа насока, во текот на 2013 година, АСО ги продолжи активностите за едукација на граѓаните за значењето и улогата на осигурувањето, како и информирање за правата и обврските на осигурениците кои произлегуваат од различни продукти на осигурување.

АСО постојано изготвува и издава едукативни материјали во форма на брошури и флаери за различни видови осигурување со кои се објаснува терминологијата на осигурувањето, како и подеталната содржина и значењето на ризиците покриени со поединечните осигурителни продукти. Во 2013 година, АСО издаде флаер за *осигурување од автомобилска одговорност* кој содржи подетални објаснувања за овој вид осигурувања.

Во насока на заштита на правата на осигурениците, АСО постапуваше по предмети доставени од осигуреници и корисници на осигурување, кои не биле задоволни од постапувањето на друштвата за осигурување. Во текот на 2013 година се поднесени **148** претставки, при што

- **109** претставки се решени, од кои **51** во корист на подносителите на претставките,
- **31** претставки се без основа за постапување, и
- **8** претставки се во процес на решавање.

## 7. Проекти

Во рамки на проектните активности во 2013 година, АСО продолжи со имплементација на двата проекта кои започнаа во 2011 година, и тоа:

- Проект на Светската банка за осигурување од катастрофални ризици SEEC CRIF; и
- Проект на Светската банка за либерализација на пазарот на автоодговорност во Македонија.

Во текот на 2011 година започна со реализација регионалниот проект на Светската банка за осигурување од катастрофални ризици, при што АСО беше назначена за имплементатор на Проектот во Република Македонија. Целта на овој проект е да се промовира развојот на осигурувањето од ризици од природни катастрофи и временски неприлики на домашниот пазар, со што на локалните стопанственици и на населението ќе им биде овозможено да купат прифатливи производи за осигурување од овие ризици, коишто во моментот не може да се најдат на пазарот. Во текот на 2013 година, како побитни активности во рамки на Проектот ги издвојуваме:

- Во март 2013 година е регистрирано претставништвото на Европа Ре во Р. Македонија
- Во мај 2013 година, во организација на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС) се одржа конференција со цел одбележување 50 години од катастрофалниот земјотрес во Скопје. Во рамки на Конференцијата имаше посебна сесија посветена на Европа РЕ со наслов „Развојот на механизмите за осигурување од земјотреси во Југоисточна Европа“, каде беше даден осврт на досегашните активности кои беа преземени во рамки на Проектот, а воедно беше презентирана и потребата за воведување осигурување од катастрофални ризици во нашата земја.
- Во август 2013 година, од страна на Европа Ре беше организирана регулаторна работилница во Тирана, Албанија.
- Во ноември 2013 година тимот на Европа Ре ги презентираше иновативните производи за земјоделско осигурување (1. земјоделско осигурување од еден ризик - Named Peril Crop Insurance, 2. земјоделско осигурување од повеќе ризици - Multi Peril Crop Insurance и 3. индексирано осигурување на остварените приноси во одредена област - Area Yield Index Insurance-AYII) пред претставници на АСО и на друштвата за осигурување.

- Швајцарскиот регулатор за надзор на финансискиот пазар (FINMA) ѝ издаде лиценца за вршење работи на реосигурување на Europa Reinsurance Facility Ltd (Европа Ре) на 13 декември 2013 година со важност од 1 јануари 2014 година.

Во текот на 2013 година завршија активностите од Проектот на Светската банка за либерализација на пазарот на автоодговорност во Македонија. Со проектот беше предвидено да се помогне во оформувањето регулаторна рамка и технички алатки потребни за поставување актуарски издржани премиски стапки и технички резерви за осигурување од автоодговорност, како и да се осигура дека предложената регулаторна рамка за осигурување од автоодговорност е во согласност со легислативата на ЕУ за осигурување од автоодговорност, особено со обврските кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ. Во јануари 2013 година, претставници од тимот на Светска банка одржаа еднодневна презентација за вработените лица во АСО, на која беа:

- дискутирани главните наоди на тимот;
- презентирани методологии развиени во рамките на проектот за процена на резервите за штети и пресметка на техничката премија за задолжителното осигурување од автоодговорност;
- демонстрирани ризично базирани апликации, развиени во рамките на проектот за процена на резервите за штети и пресметка на техничката премија за задолжителното осигурување од автоодговорност;
- дадени предлози за минималните стандарди кои треба да ги задоволува реосигурителното покритие за зелена карта на друштвата за осигурување;
- испорачани конечни предлози врз основа на главните наоди на тимот.

Врз основа на повратните информации и предлози кои тимот ги доби од страна на вработените лица во АСО, во февруари 2013 година тимот на Светска банка го испорача крајниот сет на извештаи и алатки потребни за поставување актуарски издржани премиски стапки и технички резерви за осигурување од автоодговорност.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Претседател на Советот на експерти,

д-р Климе Попоски

Број 0201-489/3
Скопје
26.06.2014 година